Република Македонија
**Државна комисија за спречување на корупцијата**

ул Даме Груев бр.1, 1000, Скопје
тел: 02/ 32 15 377
факс: 02/ 32 15 380
E-mail: dksk@dksk.org.mk

MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-4913/2
14-08-2017 год.

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 17-08-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 44 | 4620 | 2 | |

**До :**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**За :**
**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Скопје**

Предмет: Мислење
Врска: Барање бр. 44-4620/1 од 10.08.2017 година

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставивте писмено барање на мислење со Ваш бр. 44-4620/1 од 10.08.2017 година со кое се бара итно и концизно мислење во форма на писмен одговор по однос на прашањето за тоа дали од денот на донесувањето на Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалниците на општините и за градоначалник на Градот Скопје до конституирањето на советите на општините и изборот на градоначалниците постои законска пречка или не постои законска пречка Владата на Република Македонија да одлучува за прашањата наведени во споменатото Барање.

Државната комисија за спречување на корупцијата на 203-тата седница на Комисијата одржана на 14.08.2017 година постапувајќи по предметното барање од итен карактер доставено од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/2010, 97/2015 и 148/2015), а во врска со одредбите од Изборниот законик, го дава следното:

**МИСЛЕЊЕ**

***1.*** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се реализираат започнатите постапки за спогодбено преземање на државните и јавните (административните) службеници согласно закон, во органите на државната управа, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, јавните установи,

независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и други институции основани од државата и другите државни органи ?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***започнатите постапки за спогодбено преземање на државните и јавните (административните) службеници согласно закон, во органите на државната управа, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, јавните установи, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и други институции основани од државата и другите државни органи, се ставаат во мирување, освен во случај на итни и неодложни работи регулирано со Закон.***

*2*. Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се отпочнат нови постапки за спогодбено преземање на државните и јавните (административни) службеници согласно закон, во органите на државната управа, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, јавните установи, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и други институции основани од државата и другите државни органи ?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***постои законска пречка да се отпочнат нови постапки за спогодбено преземање на државните и јавните (административни) службеници согласно закон,*** во органите на државната управа, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, јавните установи, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и други институции основани од државата и другите државни органи, ***освен во случај на итни и неодложни работи регулирано со Закон.***

*3*. Дали постои законска пречка да има нови вработувања во државната и јавната администрација, во текот на траењето на овој период?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и

градот Скопје ***постои законска пречка да има нови вработувања во државната и јавната администрација, освен во случај на итни и неодложни работи регулирано со Закон.***

***4***. Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се реализираат (завршат) вработувањата за кои веќе е отпочната постапка согласно закон, во органите на државната управа, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, јавните установи, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и други институции основани од државата и другите државни органи?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***започнатите постапки за вработувања согласно закон, во органите на државната управа, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, јавните установи, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и други институции основани од државата и другите државни органи се ставаат во мирување, освен во случај на итни и неодложни работи регулирано со Закон. (согласно член 8-а став 1 алинеја 4 од ИЗ).***

**5.** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се врши распоредување и унапредување на лица вработени во органите на државната управа, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, јавните установи, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и други институции основани од државата и другите државни органи?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***постои законска пречка да се врши распоредување и унапредување на лица вработени во органите на државната управа, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, јавните установи, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и други институции основани од државата и другите државни органи.***

***6.*** Дали постои законска пречка во овој период да се ангажираат лица преку склучување на авторски договори во органите на државната управа, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, јавните установи, независните

регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и други институции основани од државата и другите државни органи?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***постои законска пречка да се ангажираат нови лица преку склучување на авторски договори во органите на државната управа, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, јавните установи, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и други институции основани од државата и другите државни органи, доколку станува збор за ангажирање на нови лица за предметното вработување.***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка*** **да се ангажираат лица преку** ***склучување на авторски договори во органите на државната управа, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, јавните установи, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и други институции основани од државата и другите државни органи, доколку станува збор за лица кои веќе биле ангажирани преку договор на дело на истите работни места и се работи за продолжување на истиот, а за истото била обезбедена согласност за обезбедени финансиски средства за вработување за 2017 година и се работи за вработување во случај на итни и неодложни работи.***

7. Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се разрешуваат и именуваат директори на органи на државната управа и други државни институции за кои Владата има надлежност?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***постои законска пречка да се разрешуваат и именуваат директори на органи на државната управа и други државни институции за кои Владата има надлежност освен во случаите каде што нивниот мандат е завршен при што може да се именува вршител на должност.***

***8.*** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се разрешуваат и именуваат членови на управни одбори и надзорни одбори за кои Владата има надлежност?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***постои законска пречка да се разрешуваат и именуваат членови на управни одбори и надзорни одбори за кои Владата има надлежност, освен во случај каде што нивниот мандат е завршен при што може да се именува вршител на должност.***

***9***. Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се разрешуваат и именуваат директори на органи на државната управа и други државни институции, членови на управни и надзорни одбори во институции за кои Владата има надлежност, но истите со се истечен мандат и како резултат на истечен мандат не можат да се носат одлуки од страна на органите на управување, што директно и значително влијае на работата на институциите и може да доведе до штети и последици од материјална природа, односно се загрозува тековното работење на овие институции?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***постои законска пречка да се разрешуваат и именуваат директори на органи на државната управа и други државни институции, членови на управни и надзорни одбори во институции*** **за кои Владата има надлежност,** ***освен во случај каде што нивниот мандат е завршен при што може да се именува вршител на должност.***

***10.*** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се носат решенија/одлуки за именување на почесни конзули и/или отворање на почесни конзулати (согласно член 91 алинеи 10 и 11 од Уставот на Република Македонија и член 61 од Законот за надворешни работи), како и да се доставуваат предлози за именувања и/или отповикувања на амбасадори до Претседателот на Република Македонија?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за

распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***Државната комисија за спречување на корупцијата ќе се произнесува поединечно за секое поднесено барање за донесување на решенија/одлуки за именување на почесни конзули и/или отворање на почесни конзулати (согласно член 91 алинеи 10 и 11 од Уставот на Република Македонија и член 61 од Законот за надворешни работи), како и за доставување предлози за именувања и/или отповикувања на амбасадори до Претседателот на Република Македонија.***

*11.* Дали постои законска пречка, во текот на траењето на овој период, а во врска со Изборниот законик да се донесе одлука во насока на давање согласност или одобрување на одлуките за определување на висината на надоместоците на претседателот и членовите на органите на управување, во органите на државната управа, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, јавните установи, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и други институции основани од државата и другите државни органи?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***постои законска пречка да се донесе одлука во насока на давање согласност или одобрување на одлуките за определување на висината на надоместоците на Претседателот и членовите на органите на управување во органите на државната управа, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, јавните установи, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и други институции основани од државата и другите државни органи.***

*12.* Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се утврдува мислење по однос на доставено барање за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанство на Република Македонија?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***Државната комисија за спречување на корупцијата ќе се произнесува поединечно за секое поднесено барање за прием во државјанство на Република Македонија.***

*13.* Дали постои законска пречка во овој период Владата да носи одлуки за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***Државната комисија за спречување на корупцијата ќе се произнесува поединечно за секое поднесено барање до Владата на Република Македонија за носење на одлуки за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија.***

*14.* Дали постои законска пречка во овој период Министерството за финансии да одобрува на буџетски корисници прераспределба на средства?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***Државната комисија за спречување на корупцијата ќе се произнесува поединечно за секое поднесено барање до Министерството за финансии на Република Македонија за одобрување на буџетските корисници прераспределба на средства.***

**15.** Дали постои законска пречка во овој период Министерството за финансии да одобрува зголемување на планот за приходите и одобрените средства во буџетот на буџетските корисници?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***Државната комисија за спречување на корупцијата ќе се произнесува поединечно за секое поднесено барање до Министерството за финансии на Република Македонија за одобрување на зголемување на планот на приходите и одобрените средства во буџетот на буџетските корисници.***

**16.** Дали постои законска пречка во овој период Владата да ја донесе Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година, која е

законска обврска согласно член 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16) и согласно член 27-а од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16 и 153/16)?

***- ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка Владата да ја донесе Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година, која е законска обврска согласно член 6 од Законот за Владата на Република Македонија, согласно средствата определени во Буџетот на Република Македонија.***

**17.** Дали постои законска пречка во овој период Владата да утврдува да донесува, како и да утврдува и да доставува до Собранието на Република Македонија одлуки за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовна активност и мировни операции?

***- ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка Владата на Република Македонија да утврдува да донесува, како и да утврдува и да доставува до Собранието на Република Македонија одлуки за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовна активност и мировни операции, доколку финансиските средства за покривање на финансиските трошоци за учеството во вежбовната активност и мировните акции, во предвидениот период, (транспорт, сместување, исхрана и дневници за службено патување) кои треба да ги обезбеди Министерството за одбрана, се предвидени и обезбедени во Буџетот на Министерството за одбрана за 2017 година.***

**18.** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, јавните набавки предвидени во годишниот план за јавни набавки (согласно Законот за јавни набавки) за кои се предвидени средства, да се реализираат (без да се прават измени во годишниот план)?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка јавните набавки предвидени во годишниот план за јавни набавки (согласно со Законот за јавни набавки) за кои се предвидени средства, да се реализираат (без да се прават измени во годишниот план за јавни набавки).***

**19.** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, јавните набавки предвидени во Годишниот план за јавни набавки (согласно Законот за јавни набавки) кои почнале да се реализираат да бидат завршени и да се склучат договори за јавни набавки ?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка јавните набавки предвидени во Годишниот план за јавни набавки (согласно Законот за јавни набавки) кои почнале да се реализираат да бидат завршени и да се склучат договори за јавни набавки.***

**20.** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се спроведуваат јавни набавки кои не биле предвидени во Годишниот план за јавни набавки?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***постои законска пречка да се спроведуваат јавни набавки кои не биле предвидени во Годишниот план за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки.***

**21.** Дали постои законска пречка да се спроведуваат јавни набавки кои не биле внесени во годишниот план за јавни набавки, а се отпочнати пред донесување на одлука за распишување на избори ?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***постои законска пречка да се спроведуваат јавни набавки кои не биле внесени во Годишниот план за јавни набавки, а се отпочнати пред донесување на Одлука за распишување на избори.***

**22.** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се одобрува започнување на нови повеќегодишни јавни набавки внесени во годишниот план за јавни набавки?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка да се одобрува започнување на нови повеќегодишни јавни набавки внесени во годишниот план за јавни набавки.***

**23.** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се одобрува започнување на нови повеќегодишни јавни набавки што не се внесени во годишниот план за јавни набавки?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***постои законска пречка да се одобрува започнување на нови повеќегодишни јавни набавки што не се внесени во годишниот план за јавни набавки.***

**24.** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да завршат повеќегодишни јавни набавки за кои веќе е отпочната постапката согласно закон пред овој период?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка да завршат повеќегодишни јавни набавки за кои веќе е отпочната постапката согласно Закон.***

**25.** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, недвижни и движни ствари од една државна институција да се даваат на користење на друга државна институција?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка недвижни и движни ствари од една државна институција да се даваат на користење на друга државна институција.***

**26.** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, недвижни и движни ствари од една државна институција да се даваат на користење на единиците на локална самоуправа, јавни установи, акционерски друштва, фондови, агенции, дирекции, независни регулаторни тела основани од државата и други институции основани од државата?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка недвижни и движни ствари од една државна институција да се даваат на користење на единиците на локалната самоуправа, јавни установи, акционерски друштва, фондови, агенции, дирекции, независни регулаторни тела основани од државата и други интитуции основани од државата.***

**27.** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, Државната комисија за жалби по јавни набавки, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка да донесуваат решенија по предмети поднесени до нив пред овој период, како и по нови предмети?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка Државната комисија за жалби по јавни набавки, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од***

***работен однос во втор степен и Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, да донесуваат решенија по предмети поднесени до нив пред овој период, како и по нови предмети***.

**28.** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, комисиите за спроведување на постапка согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство формирани од Владата на Република Македонија, да донесуваат решенија по предмети поднесени пред овој период?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка комисиите за спроведување на постапка согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство формирани од Владата на Република Македонија, да донесуваат решенија по веќе поднесени предмети.***

**29.** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се склучуваат договори за концесии за експлоатација на добра во државна сопственост и јавно приватно партнерство?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***постои законска пречка да се склучуваат договори за концесии за експлоатација на добра во државна сопственост и јавно приватно партнерство.***

***30.*** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се склучуваат договори за концесии за дивеч во ловишта, риби, пасишта и слично?

- **ОДГОВОР :**

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***постои законска пречка да се склучуваат договори за концесии за дивеч во ловишта, риби, пасишта и слично.***

31. Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се донесуваат решенија/одлуки за геолошки, минеролошки и други истражувања ?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка да се донесуваат решенија/одлуки за геолошки, минеролошки и други истражувања.***

*32*. Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се донесе одлука, односно да се даде согласност за доставена иницијатива до Министерството за економија за детални геолошки истражувања на минерална суровина?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка да се донесе одлука, односно да се даде согласност за доставена иницијатива до Министерството за економија за детални геолошки истражувања на минерална суровина.***

*33.* Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се одлучува по прашања за пренос на удели на нови содружници – инвеститори, согласно член 47 и 49 од Законот за минерални суровини, за што е потребна согласност од страна на Владата на Република Македонија, како концедент, во законски утврдена постапка и услови?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***постои законска пречка да се одлучува по прашања за пренос на удели на нови содружници – инвеститори, согласно член 47 и 49 од Законот за минерални суровини, за што е потребна согласност од страна на Владата на Република Македонија, како концедент, во законски утврдена постапка и услови.***

*34*. Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, а во врска со Изборниот законик да се донесе одлука за престанок на важење на концесија за експлоатација на минерална суровина на одреден локалитет, доделена од страна на Владата во својство на концедент во соодветна и законски пропишана постапка, со

склучен договор за концесија (врз основа на предлог за престанок на важење на концесијата, согласно извршен надзор над текот и реализацијата на договорот за концесија за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, како и спроведувањето на Законот за минерални суровини и прописите донесени врз основа на овој закон кој го врши Министерството за економија, како и врз основа на извршен надзор над плаќањето на надоместоците за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини утврдени согласно со закон, а ги врши Управата за јавни приходи)?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка да се донесе одлука за престанок на важење на концесија за експлоатација на минерална суровина на одреден локалитет, доделена од страна на Владата во својство на концедент во соодветна и законски пропишана постапка, со склучен договор за концесија (врз основа на предлог за престанок на важење на концесијата, согласно извршен надзор над текот и реализацијата на договорот за концесија за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, како и спроведувањето на Законот за минерални суровини и прописите донесени врз основа на овој закон кој го врши Министерството за економија, како и врз основа на извршен надзор над плаќањето на надоместоците за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини утврдени согласно со закон, а ги врши Управата за јавни приходи).***

*35.* Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се донесе одлука за едностран раскин на договор за концесија за експлоатација на минерална суровина, на одреден локалитет, стекната со добивање на концесија со одлука на Владата на Република Македонија во својство на концедент и во соодветна и законски пропишана постапка, со склучен договор за концесија (врз основа на предлог на Министерството за економија кој е орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на деталните геолошки истражувања и експлоатацијата на минерални суровини и врз основа на извршен надзор над текот и реализацијата на договорот за концесија за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, како и спроведувањето на Законот за минерални суровини и прописите донесени врз основа на овој закон и/или врз основа на извршен инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за минерални суровини што го врши Државниот инспекторат за техничка инспекција преку државни геолошки инспектори, државни рударски инспектори и државни инспектори за електрика во рударството и други инспекциски органи согласно со овластувањата утврдени со закон)?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка да се донесе одлука за едностран раскин на договор за концесија за експлоатација на минерална суровина, на одреден локалитет, стекната со добивање на концесија со одлука на Владата на Република Македонија во својство на концедент и во соодветна и законски пропишана постапка, со склучен договор за концесија (врз основа на предлог на Министерството за економија кој е орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на деталните геолошки истражувања и експлоатацијата на минерални суровини и врз основа на извршен надзор над текот и реализацијата на договорот за концесија за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, како и спроведувањето на Законот за минерални суровини и прописите донесени врз основа на овој закон и/или врз основа на извршен инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за минерални суровини што го врши Државниот инспекторат за техничка инспекција преку државни геолошки инспектори, државни рударски инспектори и државни инспектори за електрика во рударството и други инспекциски органи согласно со овластувањата утврдени со закон).***

***36***. Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се донесе одлука за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина, врз основа на извршена евалуација по јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина, согласно доставен извештај од проверка на документацијата и евалуацијата на понудите и записник од седница на јавно отворање на понудите, доставени од комисија за спроведување на постапка за доделување концесија за експлоатација на минерална суровина?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка да се донесе одлука за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина, врз основа на извршена евалуација по јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина, согласно доставен извештај од проверка на документацијата и евалуацијата на понудите и записник од седница на јавно отворање на понудите, доставени од комисија за спроведување на постапка за доделување концесија за експлоатација на минерална суровина.***

*37.* Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, Владата да донесува одлуки за период на закуп и за висината на закупнината на градежното земјиште и да дава согласност за склучување на договори за долготраен закуп на градежно земјиште во зона?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка Владата на Република Македонија да донесува одлуки за период на закуп и за висината на закупнината на градежното земјиште и да дава согласност за склучување на договори за долготраен закуп на градежно земјиште во зона.***

***38.*** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, по добиена согласност од Владата на Република Македонија да склучува договори за долготраен закуп на градежно земјиште во зона?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, по добиена согласност од Владата на Република Македонија да склучува договори за долготраен закуп на градежно земјиште во зона.***

*39.* Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, Владата да донесува одлуки и да дава согласност на договори за доделување на државна помош со странски компании кои се заинтересирани да инвестираат во Република Македонија?

- ***ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка Владата на Република Македонија да донесува одлуки и да дава согласност на договори за доделување на државна помош со странски компании кои се заинтересирани да инвестираат во***

***Република Македонија доколку истите се предвидени во годишните инвестициони програми за што се обезбедени соодветни средства.***

***40.*** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се склучуваат договори за доделување на државна помош со странски компании кои се заинтересирани да инвестираат во Република Македонија, по претходно добиена согласност од Владата?

***- ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик, од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка да се склучуваат договори за доделување на државна помош со странски компании кои се заинтересирани да инвестираат во Република Македонија, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија доколку истите се предвидени во годишните инвестициони програми за што се обезбедени соодветни средства.***

***41.*** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да дава согласност на договори за доделување на државна помош со странски компании кои се заинтересирани да инвестираат во Република Македонија доколку истите се предвидени во годишните инвестициони програми за што се обезбедени соодветни средства?

***- ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка Владата на Република Македонија да дава согласност на договори за доделување на државна помош со странски компании кои се заинтересирани да инвестираат во Република Македонија доколку истите се предвидени во годишните инвестициони програми за што се обезбедени соодветни средства.***

***42.*** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се склучуваат договори за доделување на државна помош со странски компании кои се заинтересирани да инвестираат во Република Македонија, доколку истите се предвидени во годишните инвестициони програми за што се обезбедени соодветни средства?

***- ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со одредбите од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка да се склучуваат договори за доделување на државна помош со странски компании кои се заинтересирани да инвестираат во Република Македонија, доколку истите се предвидени во годишните инвестициони програми за што се обезбедени соодветни средства.***

***43.*** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, да се носат одлуки за распоредување на финансиски средства, согласно претходно донесени програми?

***- ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка (член 11 став 2 од ЗСК) да се носат одлуки за распоредување на финансиски средства, согласно претходно донесени програми.***

***44.*** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, акционерско друштво во државна сопственост да даде позајмица на друго правно лице со доминантна државна сопственост?

***- ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка акционерско друштво во државна сопственост да даде позајмица на друго правно лице со доминантна државна сопственост.***

***45.*** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, органите на управување на акционерското друштво да донесат одлука со која што на веќе дадена позајмица пред почетокот на овој период, може да одобрат со одлука продолжување на рокот за враќање на позајмицата?

***- ОДГОВОР :***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не***

***постои законска пречка органите на управување на акционерското друштво да донесат одлука со која што на веќе дадена позајмица пред почетокот на овој период, може да одобрат со одлука продолжување на рокот за враќање на позајмицата.***

***46.*** Дали постои законска пречка во овој период Владата да одобрува позајмица, односно, во својство на собрание на акционерско друштво да донесе одлука за одобрување на работењето на управен одбор на одредено акционерско друштво во државна сопственост, во врска со донесена одлука на управен одбор за давање позајмица на друго акционерско друштво во државна сопственост, во насока на надминување на финансиски проблеми на акционерското друштво?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка Владата на Република Македонија да одобрува позајмица, односно, во својство на собрание на акционерско друштво да донесе одлука за одобрување на работењето на управен одбор на одредено акционерско друштво во државна сопственост, во врска со донесена одлука на управен одбор за давање позајмица на друго акционерско друштво во државна сопственост, во насока на надминување на финансиски проблеми на акционерското друштво.***

***47.*** Дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период, Министерството за здравство да склучува договори за доделување на лиценци за вршење на здравствена дејност во мрежа, согласно член 229 од Законот за здравствена заштита?

- ***ОДГОВОР:***

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а во врска со Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје ***не постои законска пречка Министерството за здравство да склучува договори за доделување на лиценци за вршење на здравствена дејност во мрежа, согласно член 229 од Законот за здравствена заштита.***

***48.*** Дали постои законска пречка во овој период да се водат законски утврдените постапки и да се издаваат одобренија за одгледување на Cannabis за медицински цели, увоз на лекови кои содржат прекурзори, дозволи за увоз, извоз, транспорт и транзит на хемикалии и прекурзори?

- ***ОДГОВОР:***

